## Невидливи закани:

# Родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата врз лицата со попреченост



Скопје, Јуни,2024

Невидливи закани: Родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата врз лицата со попреченост
Автори: Кристијан Лазарев, м-р Сара Миленковска, Ирена Лозана

UNFPA

Оваа публикација е подготвена со поддршка на УНФПА, Фондот за население на Обединетите нации. Ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не ги претставуваат секогаш ставовите на УНФПА, Обединетите нации или која било поврзана организација.

## Невидливи закани:

# Родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата врз лицата со попреченост



# Содржина

**Вовед** ........ 5

**Методологија** ........ 7

**Истражување на литературата** ........ 11

Технолошки овозможеното родово-базирано насилство наспрема другите видови родово-базирано насилство ........ 11

Форми на  родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата ........ 11

Специфични идентитетски карактеристики на лицата со попреченост важни при интерсекциската анализа на технолошки овозможеното родово-базирано насилство ........ 12

Ризиците на технологијата и на дигиталниот простор и лицата со попреченост ........ 15

Позитивни страни на технологијата и на дигиталниот простор и лицата со попреченост ........ 16

**Резултати од интервјуата со лица со попреченост и родители на лица со попреченост** ........ 19

Искуствата на лицата со попреченост и на нивните родители/старатели со овој вид насилство ........ 20

Механизми и алатки за заштита ........ 22

Влијанието на технолошки овозможеното родово-базирано насилство врз сексуалноста и сексуалното и репродуктивното здравје кај лицата со попреченост ........ 24

**Заклучоци** ........ 25

**Препораки** ........ 27

**Користена и консултирана литература** ........ 30

**Анекс 1:** Прашања користени во интервјуата ........ 31



# Вовед

Родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата – РБНИУТ (англ. Technology facilitated gender-based violence – TFGBV) е акт на насилство извршено од едно или повеќе лица што е испланирано, спроведено или овозможено (делумно или во целост) преку употреба на информатичката и комуникациската технологија или дигиталните медиуми и дигиталните социјални мрежи, врз некое лице врз родова основа. Кога станува збор за технолошки овозможеното родово-базирано насилство, треба да се имаат на ум следниве две нешта:

- **има родов предзнак**– насочено е кон жените и девојките едноставно зашто се жени и девојки.
- **Позастапено е** од онлајн-насилството – иако најчесто се случува на интернет и во дигиталниот простор, може да се појави и преку која било технологија – стара и нова – како што се обичните телефони, уредите за следење преку GPS, дроновите со камера и другите уреди за снимање што не се поврзани на интернет. Покрај тоа, родово-базираното насилство (РБН) има за цел да нанесе и дополнителна штета поврзана со контрола, насилство и обесхрабрување на жртвите (УНФПА, 2023).

Кога се однесува на лицата, а особено на жените со попреченост, технолошки овозможеното насилство станува посериозна закана што треба да се проучува, да се анализираат потенцијалните ризици и да се влијае врз нивната превенција или врз соодветниот третман, доколку насилството е веќе настанато. Ова доаѓа оттаму што овие лица, поради попреченоста или поради непристапноста, често се изложени на дополнителни ранливости, кои, меѓу другото, вклучуваат ограничен пристап до ресурсите и до поддршката за превенција на оваа закана. Дополнителен предизвик е нивната поголема зависност од старателите и изолацијата. Како такви, тие се изложени на поголем ризик да доживеат родово-базирано насилство овозможено преку технологијата. Токму поради ова, во 2006 година, Генералното собрание на Обединетите нации ја донесе Конвенцијата за правата на лицата со попреченост; членот 6 и членот 16, меѓу другото, се осврнуваат на дискриминацијата на жените и на борбата против родово-базираното насилство чиишто жртви се дел од овие лица.

Зборувајќи за лицата со попреченост, треба да спомeнеме дека нивниот број воопшто не е мал. Имено, во Извештајот на Светската банка и Светската здравствена организација (2011), се проценува дека повеќе од една милијарда луѓе се соочуваат со некаква форма на попреченост и дека повеќето од нив се жени. Со секојдневни заложби, но и со докази и податоци, сè повеќе се зајакнуваат напорите за креирање долгогодишен интерсекциски пристап за проучување на развојот на населението, овозможувањето поддршка за младите и родовата еднаквост. Во 2016 година, УНФПА ја започна програмата „Ние одлучуваме“ со намера да ги промовира човековите права и социјалната инклузија на жените и младите лица со попреченост, при што особен акцент е ставен на проучувањето и овозможувањето пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје, како и до информации и образование за лицата со попреченост, вклучувајќи превенција и борба против сексуалното и родово-базираното насилство. „Ние одлучуваме“ го забрза зајакнувањето на програмите за вклучување на лицата со попреченост во УНФПА на сите нивоа, преку засилување на експертизата за попреченост и генерирање докази и насоки. Борбата против родово-базираното насилство извршено со (зло) употреба на технологијата треба да биде јасна, со активности на терен, истражувања на оваа тема и анализа на сите нејзини составни сегменти. За таа цел, во март 2023 година, на македонски јазик беше објавен Поимникот за родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата[1] (РБНИУТ, англ. Technology facilitated gender-based violence – TFGBV).

Овој вид насилство можеби претставува релативно нова појава, меѓутоа неговото влијание не е релативно, туку е многу јасно и конкретно, понекогаш со длабоки и долготрајни последици врз оној што го преживеал. Притоа, со сè поголемата застапеност на информатичките и комуникациските технологии во нашиот секојдневен живот, до степен до којшто сега е тешко да се замисли еден ден без интернет, без лаптоп, без паметен телефон или без социјалните мрежи, родовото насилство извршено во дигиталниот простор станува сè почеста појава. Затоа, додека битката за справување со родово-базираното насилство, односно офлајн насилството сè уште трае и потребно е континуирано изнаоѓање нови начини за превенција и заштита од него,

1 Поимник на родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата 2023



дигиталното или технолошки-овозможеното родово-базирано насилство треба сериозно да се земе предвид и да се дејствува што побргу.

Со цел детално истражување и запознавање со сите аспекти на родово-базираното насилство, неопходен е интерсекциски пристап преку кој ќе се разгледаат поединечните аспекти и ризик-факторите коишто се напластуваат неколкуслојно кога станува збор за маргинализираните групи, како што се лицата со попреченост. Интерсекцискиот пристап ни дава можност одделно да ги истакнеме различните идентитетски карактеристики на лицата со попреченост, како на пример, родот, расата, возраста, јазикот на кој зборуваат, од една страна и, од друга страна, поспецифичните опресивни идентитетски карактеристики на пример, видливата наспрема невидливата попреченост, како и биопсихосоцијалниот вид попреченост и степенот на самостојно живеење што го поседува одредена личност.

Токму затоа, ова истражување се фокусира на разгледување на искуствата на лицата со попреченост со технолошки овозможеното родово-базирано насилство преку интерсекцискиот пристап.

Во насока на остварување на правата на лицата со попреченост, загарантирани со усвојувањето и ратификувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, УНФПА работи на програми поврзани со попреченоста, но крајната цел е интегрирање на попреченоста низ сите активности. Се разбира, бројни активности како на пр., истражувањето на пристапноста на давателите на услуги за родово-базираното насилство, се предвидени исклучиво за унапредување на правата на лицата со попреченост.



# Методологија

Во нашата држава постои потреба за ваков тип истражување бидејќи овој вид насилство е релативно нова појава и досега не е посветено внимание на оваа тема. Влијанието што родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата го има врз лицата со попреченост е недоволно истражено и теориски и во практиката, оттаму методологијата за истражувањето на оваа тема беше креирана низ соработка на истражувачи - експерти во различни области, со цел секој од нив да даде придонес од својата област. Ова на истражувањето му даде интердисциплинарен предзнак, преку кој истражувачите се обидоа да го пополнат јазот што постои помеѓу постојните знаења за родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата, од една страна, и знаењата за лицата со попреченост, од друга страна.

- **Времетраење и тек на истражувањето –** Истражувањето се спроведе во времетраење од 2 месеца (ноември и декември 2023 година). Во тој период беше изработена методологијата, се креираа истражувачките инструменти,[2] се спроведоа вкупно 13 интервјуа. Интервјуирани беа 6 лица со попреченост, 6 родители на лица со попреченост и еден старател на лице со попреченост; податоците беа обработени и беше изработен извештај од истражувањето.

- **Опфат – Методологијата опфати изработка на:**
  (1) анализа на достапните информации од истражувањата, анализите и литературата поврзана со лицата со попреченост и насилството овозможено со технологија;
  (2) полуструктурирани интервјуа со двете целни групи:
  А) лица со попреченост и
  Б) родители/старатели/згрижувачи на лица со попреченост.

- **Критериуми за избор на истражувачки примерок –** Поради сензитивноста и специфичноста на темата, за интервјуата беше одредена возрасна граница за испитаниците, поточно лицата со попреченост да бидат помеѓу 16 и 64 години, односно родителите/старателите/згрижувачите на овие лица да бидат родител/старател/згрижувач на лице со попреченост од оваа возрасна граница. Други значајни критериуми за избор на учесниците беа обезбедувањето еднаква застапеност според видот на попреченост и застапеност од поголем број плански региони во државата.

- **Истражувачки прашања –** Во методологијата беа поставени следниве истражувачки прашања:
  А) Колку лицата со попреченост и родителите на лицата со попреченост се запознати со технолошки овозможеното родово-базирано насилство?
  Б) Колку лицата со попреченост и родителите на лицата со попреченост ги знаат технолошките, правните и институционалните механизми со цел заштита од технолошки овозможеното родово-базирано насилство?
  В) Доколку сметаат дека постојните механизми не се доволни, кои се нивните предлог-механизми за справување со технолошки овозможеното родово-базирано насилство?
  Г) Колку е значајно за нив постоењето достапни информации и механизми за заштита и превенција од овој вид насилство?
  Д) Дали лицата со попреченост, односно нивните родители, чувствуваат дека како припадници на оваа маргинализирана група во општеството се поранливи кога станува збор за технолошки овозможеното родово-базирано насилство и какви се нивните мислења за повеќеслојноста, повеќекратниот ризик за станување жртва на овој вид насилство?

**Истражувачки пристап –** При формирањето на методологијата за ова истражување се користеше **интерсекцискиот пристап** (Crenshaw, 1989), кој подразбира повеќеслојно разбирање на еднаквостите и насилството, анализирајќи ја позицијата на жртвите на дискриминација и насилството според повеќе основи. Истражувањата во областа на студиите за попреченост беа поткрепени со усвојувањето на интерсекциската парадигма (Гудли, 2010; Јакоб, Кебсел и Волрад, 2010; Седер, 2009), под влијание на феминистичките принципи. Овој пристап го акцентира земањето предвид на многубројни позиции и различности меѓу социјалните групи

2 Истражувачките инструменти може да се видат во целост како анекс на овој извештај.



(Дејвис, 2008). Интерсекционалноста има за цел да ја расветли комплексната поврзаност и повеќеслојноста на факторите кои го сочинуваат човечкиот живот и како различните системски услови, во зависност од местото, времето и бариерите, креираат услови на неправедност (повеќе за овој пристап во делот со истражување на литературата).

**Етичност и пристапност –** Сакаме да напоменеме дека интервјуата и добиените податоците беа направени на најсоодветен и етички начин што предвидуваше почитување на слободната волја на испитаниците, без вршење на каков било притисок, собирајќи ги само податоците за кои испитаниците ја дадоа својата согласност. Дополнително, за сите испитаници беше обезбедена пријатна и пристапна атмосфера и простор, односно начин на комуникација, како што се знаковен јазик и состаноци со физичко присуство или онлајн, според преференциите и потребите на испитаниците.

**Ограничувања на истражувањето**

Пристапот до лицата со попреченост е ограничен поради непостоење на регистер и податоци за лицата со попреченост во земјата. Иако повикот за учество во интервјуата беше испратен до поголемиот број организации на лица со попреченост и беше споделен на најчестите социјални мрежи каде што се активни лицата со попреченост и нивните родители, поради специфичноста на темата за учество во интервјуата се пријавија мал број лица (13). Поради тоа сакаме да нагласиме дека заклучоците и препораките од ова истражување ги претставуваат наодите на овој ограничен примерок и во извесна мера не можеме да тврдиме дека се апсолутни и сеопфатни. Сепак, сметаме дека наодите, како и истражувањето на литературата на оваа тема, што има едукативен предзнак насочува во кој правец би требало да се движат идните истражувања на оваа тема, се значаен чекор напред во нашата држава кога станува збор за доаѓање до нови сознанија за родово-базираното насилство извршено со (зло) употреба на технологија врз лицата со попреченост.



# Истражување на литературата

Дигиталниот живот е дел од реалниот живот. Овој вид насилство често се перципира како помалку сериозен и помалку штетен од физичките форми на насилство, најчесто поради немање доволно информации, знаење и свесност, но истражувањата покажуваат дека и ова насилство има сериозни последици врз здравјето, животот и иднината на сите луѓе, со посебен акцент на жените и девојчињата. Тоа, исто така, често преминува во непосредно физичко насилство, што претставува многу опасна закана за безбедноста и за физичкиот интегритет на жените и девојчињата. Затоа, во контекст на лицата со попреченост, следните прашања, како дополнување на основните истражувачки прашања, се анализираат низ оваа теоретска дискусија:

- Што го прави технолошки овозможеното родово-базирано насилство поразлично од другите форми на насилство?
- Кои форми на родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата постојат и какви се ризиците од нив за лицата со попреченост?
- Кои се специфичните идентитетски карактеристики што треба да се земат предвид при интерсекциската анализа на технолошки овозможеното родово-базирано насилство кај лицата со попреченост?
- Кои се позитивните страни на технологијата, а кои се ризиците за лицата со попреченост?

## Технолошки овозможеното родово-базирано насилство наспрема другите видови родово-базирано насилство

Родово-базираното насилство е комплексно прашање што во последните децении се истражува и се анализира од повеќе аспекти, па затоа во овој момент е тешко да се направи негово целосно типологизирање. Сепак, Истанбулската конвенција (2011) ги споменава следните видови насилство: психолошко насилство (член 33); следење (член 34); физичко насилство (член 35); присилни бракови (член 37); сексуално насилство, вклучувајќи силување (член 36); осакатување на женски генитални органи (член 38); присилен абортус и присилна стерилизација (член 39); сексуално вознемирување (член 40); помагање или поттикнување и обид (член 41); неприфатливи оправдувања за кривични дела, вклучително и злосторства извршени во име на т.н. чест (член 42).

Користејќи го ова како основа, може да разликуваме пет меѓусебно поврзани типови насилство:

1. физичко насилство,
2. вербално насилство (вклучувајќи говор на омраза)
3. психолошко насилство,
4. сексуално насилство и
5. социоекономско насилство.

Во реалноста, можат да бидат присутни паралелно/истовремено, некои или сите горенаведени форми на родово-базирано насилство, особено во врски во кои партнерите имаат тенденција меѓусебно да се повредуваат. Дополнително, сите спомената форми на насилство можат да се појават како во приватната сфера (во семејствата и интимните врски) така и во јавната сфера, извршени од (непознати) поединци, или од организации, институции, па и од страна на самите држави.

## Форми на родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологија

Технолошки овозможеното родово-базирано насилство може да биде поделено во две категории, зависно од тоа дали технологијата служи само како инструмент за извршување на едно од претходно споменатите 5 вида насилства или, пак, освен како инструмент за извршување на претходните видови насилство, технологијата станува форма на насилство сама по себе, без активна улога на човечкиот фактор.

А) Дигиталното (или сајбер/кибер) насилство (англ. сајбер малтретирање/cyberbullying) е чадор-термин што ги опфаќа различните форми на насилство на интернет, односно насилството што се врши

со посредство на технологијата. Се дефинира како „свесно нанесување и повторување штета со помош на компјутери, мобилни телефони или други електронски уреди“[3], најчесто преку употреба на текстуална или графичка содржина, со цел да се заплаши некое лице, негативно да се влијае врз неговата самодоверба или да му се наруши угледот.

Кога станува збор за технолошки овозможеното родово-базирано насилство со човечки фактор можеме да ги спомeнеме следните форми[4]:

- ✓ *онлајн родово и сексуално вознемирување,*
- ✓ *сајбер-прогонување,*
- ✓ *злоупотреба на фотографии, што вклучува неконсензуално споделување интимни фотографии, монтирани фотографии или праќање фотографии до жртвата со гениталии од трето лице,*
- ✓ *сексуално изнудување (уцена од страна на насилникот со закана дека ќе објави фотографии, видеа или информации поврзани со сексуалната активност на жртвата,*
- ✓ *доксинг (јавно објавување на приватно достапни лични информации),*
- ✓ *хакирање со цел да се изврши овој вид насилство,*
- ✓ *лажно претставување во туѓо име на интернет,*
- ✓ *користење на технологијата за лоцирање на преживеани при природна непогода со цел да се изврши насилство од сексуална природа над нив,*
- ✓ *говор на омраза преку технологија,*
- ✓ *клевета со помош на технологија и интернет.*

Б) Доколку станува збор за технолошки овозможеното родово-базирано насилство без активно делување на човечкиот фактор, сè уште не би можеле да направиме некоја прецизна типологизација бидејќи во последниве неколку години (Faggella, 2023), оваа форма е во неверојатен развоен бум. Тоа подразбира многу детално следење и анализирање, со цел да се превенираат негативните последици од ова насилство, бидејќи постои реален ризик технологијата базирана врз вештачката интелигенција, поради багови во кодот или поради други грешки, да се јави и во улога на насилник. Пример за таков вид насилство би било генерирањето порнографски материјали (фотографии или видеа) од страна на вештачката интелигенција што се идентични или се многу слични со некое физичко лице.

Поради брзиот развој на технологијата, технолошки овозможеното родово-базирано насилство постојано еволуира и затоа, како активни чинители во ова општество, мораме да останеме будни и да ја следиме неговата еволуција, со цел негова превенција и елиминација, како на формите во кои е вклучен човечкиот фактор, така и на формите генерирани од вештачката технологија што полека почнуваат да се појавуваат.

## Специфични идентитетски карактеристики на лицата со попреченост важни при интерсекциската анализа на технолошки овозможеното родово-базирано насилство

Во академскиот простор (Goethals et al., 2015), лицата со попреченост често се предмет на анализа во која се гледаат како хомогена група што има еднакви перспективи, искуства и преференции, без оглед на родот, возраста, културната заднина, сексуалната ориентација, социоекономскиот статус, религијата итн. Кон овие општи идентитетски карактеристики се придодаваат и специфичните карактеристики на овие лица што произлегуваат од видот на попреченоста, степенот на нивната самостојност, пристапноста на средината во која живеат, како и достапноста на услугите и помагалата што им се потребни во секојдневието.

Неземањето предвид на интерсекцискиот пристап, при што ќе се обрне внимание и на општите и на специфичните идентитетски карактеристики на оваа целна група, го отвора прашањето колку тие истражувања ја покажуваат реалната слика за состојбата на лицата со попреченост на подлабоко рамниште. Занемарувањето на овие значајни аспекти од комплексноста на нечиј идентитет потоа води кон креирање политики, стратегии и мерки што не ги земаат предвид индивидуалните фактори, а со тоа не се овозможува сите лица да имаат придобивки од нив.

Затоа, пред да поминеме кон разгледување на одговорите од испитаниците, накратко ќе ги разгледаме специфичните идентитетски карактеристики на лицата со попреченост што се важни за ова истражување.

3 Поимник на родово базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата

4 Поимник на родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата

- **Видови попреченост –** видовите попреченост зависно од моделот, односно гледиштето од кое се набљудува попреченоста варираат и се појавуваат различни класификации, но за потребите на ова истражување ќе зборуваме за видовите попреченост според биопсихосоцијалниот модел, според кој се води и Меѓународната класификација на функционалноста, попреченоста и здравствената состојба (2001). Според оваа класификација, постојат 4 аспекти што го утврдуваат видот на попреченоста:

А) Оштетувања – тие се однесуваат на проблемите во функцијата или структурата на телото, како што е значително физиолошко нефункционирање, анатомско отстапување, отсуство или губење на телесни делови или системи. На пример, оштетувањата може да вклучуваат губење на видот, оштетување на слухот или мускулна дистрофија, нарушувања од невролошка или генетска природа итн.

Б) Ограничувања при извршување некоја функција – ова подразбира постоење тешкотии кај индивидуата при извршувањето на вообичаени секојдневни функции и активности. Овие ограничувања се последица од претходно споменатите оштетувањата кај тоа лице. На пример, некој со оштетен вид може да има тешкотии при читање или движење во непознати места.

В) Ограничувања при учество во активности – овој аспект се однесува на проблемите со кои може да се соочи поединецот при вклучување во разни животни ситуации. Овие ограничувања во учеството се поврзани со претходните 2 точки, така што телесните оштетувања и ограничувањата во функцијата влијаат врз нечија способност целосно да се вклучи во социјалните, професионалните или другите области од животот. Ако се надоврземе на примерот од погоре и кажеме дека има лице со оштетен вид, чиешто оштетување на видот го онемозможува да ги врши функциите читање, пишување и движење во непознат простор, тогаш тоа лице ќе биде ограничено и при учеството во социјалниот и професионалниот живот, како на пример, вработување на работно место каде што се бара од него да чита, да пишува и да се движи во непознат простор.

Г) Фактори во животната средина – оваа класификација, покрај биолошките и психолошките фактори, ги зема предвид и социјалниот, односно општествениот фактор на непристапноста на животната средина. Ова ја вклучува физичката, социјалната, дигиталната средина, како и општествените ставови за попреченоста. Физичката и дигиталната пристапност, како и позитивниот став кон попреченоста во општеството можат во голема мера да го ублажат влијанието на првите 3 точки од оваа класификација (телесните оштетувања, ограничувањата во функционирањето и ограничувањата во учеството во разни активности), додека бариерите во околината можат да ги влошат овие биолошки и психолошки фактори.

Системот за класификација на видот на попреченост според Меѓународната класификација на функционалноста, попреченоста и здравствената состојба има за цел да обезбеди сеопфатно разбирање на попреченоста со разгледување на интеракцијата помеѓу биолошко-психичката состојба на личноста и контекстуалните социјални фактори, нагласувајќи ја важноста, не само на оштетувањето – што е случај со медицинскиот модел, туку го отвора прашањето и за тоа како надворешните фактори влијаат врз способноста на една личност да функционира во различни аспекти од животот и од надлежните бара да влијаат врз намалување и елиминирање на надворешните фактори, со цел овие лица да имаат поквалитетен живот.

Земањето предвид на оваа класификација, како важна индивидуална/идентитетска карактеристика во разгледувањето на оваа тема е од суштинско значење, особено поради тоа што телесните оштетувања, ограничувањата во функционалноста, ограничувањата во учеството во активности и срединските фактори за едно лице со попреченост може драстично да се разликуваат од телесните оштетувања, ограничувањата во функционирањето, ограничувањата во учеството во разни активности и срединските фактори, за друго лице со попреченост. Оваа тема бара одделна анализа, но само како илустрација ќе споменеме дека ризикот од ова насилство и видот на РБНИУТ за две жени, едната со целосно оштетен вид, другата со умерена интелектуална попреченост, а припаѓаат на ист етникум, иста раса, имаат иста возраст, иста религија, иста културолошка заднина и исти други општи идентитетски фактори, се сосема различни токму поради природата на оштетувањата, но и поради видот на ограничувањата во функционалноста, ограничувањата во учеството при разни активности и срединските фактори со кои тие две жени одделно се соочуваат.

- **Видлива наспрема невидлива попреченост – ** оваа категоризација ја дели попреченоста на таква што е забележлива на прв поглед (вклучува индикатори како што се: користење асистивен уред, користење специфичен начин на комуникација, постоење на некарактеристични стереотипни однесувања или движења, постоење на видлива телесна отстапка и слично), додека невидливата попреченост ја има кај лица кај кои при непосреден контакт со нив не се забележуваат тие карактеристики. Овој фактор е исклучително важен кога станува збор за РБНИУТ зашто првичната препознатливост и мотивираноста кај насилникот за вршење ваков вид насилство, односно можноста жртвата воопшто да препознае дека е дел од вакво насилство се разликуваат кај едната и другата категорија. Така лицата со видлива попреченост се поранливи за оние насилници чија цел е таргетирање жртви што се токму лицата со попреченост, што ги прави прв избор за насилниците. Додека лицата без видлива попреченост можеби го немаат тој момент на првична препознатливост, со што не се прв избор на насилниците, но доколку станат жртва на ваков вид насилство, зависно од видот и степенот на попреченоста, кај нив постои ризик од неможност да разберат дека станале жртва на родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологија, а со тоа се изложени на нарушувања на приватноста, кражба на нивниот идентитет, ненавремено откривање на дигиталното или физичкото следење од насилникот итн. Едно истражување (Woodlock & Harris, 2023) открива дека сторителите на насилство ја злоупотребуваат технологијата против жени со интелектуална или когнитивна попреченост, користејќи слични тактики како оние што се користат против жените без попреченост, што опфаќа демнење[5] и сексуална злоупотреба на слики[6]. Во истото истражување различни форми на злоупотреба на технологијата биле идентификувани за жени со интелектуална или когнитивна попреченост, при што сторителите конкретно ги таргетирале токму овие жени со што ја искористиле нивната попреченост. И покрај важната улога на технологијата во животот на овие жени, случаите кога токму технологијата предизвикала страв, довела до тоа самите да си го ограничат користењето на технологијата со цел да се заштитат.

- **Степен на самостојност** – степенот на самостојност на лицата со попреченост е многу значаен индивидуален фактор што, исто така, треба да се има предвид бидејќи дали некој е жртва на РБНИУТ или не е најчесто се дознава само откако лицето или некој во негово име ќе го пријави случајот. А степенот на самостојност може да варира од лице со попреченост што е целосно независно – па така механизмите за пријава и ресурсите за превенција треба да бидат непосредни и насочени само кон него, до лица со попреченост што во целост се зависни од други лица што се грижат за нив, а во нашата држава, најчесто тоа се родителите/старателите/згрижувачите па ресурсите за превенција и механизмите за пријава треба да се посредни и насочени кон овие лица.

- **Пристапност на средината и достапност до услуги и помагала** – овој фактор е малку истражуван, но е многу значаен за да се превенира и да се избегне технолошки овозможеното родово-базирано насилство (Maliszewska-Nienartowicz, 2020). Така, од една страна, пристапноста наспрема непристапноста на средината е значаен фактор за тоа дали некое лице ќе може да пријави претрпено родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата, а од друга страна, недостапноста на центрите за хабилитација и рехабилитација каде што се нудат напредни услуги за лицата со попреченост, како користење на интернет на безбеден начин, предизвикуваат поголема ранливост за едни корисници на асистивни технологии наспрема други корисници на асистивни технологии. Со други зборови, кога се истражува РБНИУТ во држава како Северна Македонија, во која лицата со попреченост имаат сериозни физички бариери во животната средина, потоа не им се обезбедени најсовремените дигитални помагала, односно немаат каде соодветно да научат да го користат интернетот и технологијата, тие се во

5 Сајбердемнење и опсесивно манијачење (следење) на интернет (англ. cyberstalking) е форма на злоупотреба во која сторителот користи технологија за да демне некое лице и неговото однесување на интернет. Не мора да се состои од директни закани, туку ги опфаќа оние активности што предизвикуваат лицето што е цел на демнењето да чувствува страв, загриженост, анксиозност и беспомошност.

6 Злоупотреба со посредство на визуелна содржина (англ. Image-based abuse, IBA) е чадор-термин којшто опфаќа различни облици на родово-базирано насилство во дигиталниот простор. Злоупотребата со посредство на визуелна содржина се состои од фотографирање, испраќање или закана со испраќање фотографии или видеоснимки од интимна или сексуална природа со цел некое лице да се вознемири, да се уценува и да биде под закана, да му се уништи угледот и репутацијата или да се претстави како сексуален објект.

многу поголем ризик за ваков вид насилство и неможност да го пријават наспрема лицата со попреченост во Западна Европа или САД, кои имаат центри за хабилитација и рехабилитација каде што учат за безбедно користење на технологијата, а доколку им се случи насилство имаат обезбедена физичка пристапност и пристапни веб-платформи, како механизми за пријавување и можност да се заштитат себеси.

## Ризиците на технологијата и на дигиталниот простор и лицата со попреченост

Технолошките иновации и онлајн платформите можат да имаат значаен потенцијал за подобрување на животот на лицата со попреченост, но можат да станат и средство за можна злоупотреба или дискриминација. Примерите за ова вклучуваат онлајн вознемирување, кибернапади, дискриминација во дигиталниот простор или недостаток од пристапност на веб-страниците и мобилните апликации.

Досегашните предизвици покажуваат дека технолошки овозможеното родово-базирано насилство е особено тешко целосно да се адресира за сите лица поради следните причини:

- користењето на технологијата како посредник, им дава анонимност на насилниците;
- се извршува посредно и од далечина, со што насилниците го намалуваат ризикот да бидат откриени;
- овој вид насилство е лесно достапно за насилниците и не бара посебни ресурси;
- може да се автоматизира и со тоа лесно да се прогонуваат голем број потенцијални жртви;
- може да трае без прекин долг временски период;
- може да се вклучат голем број насилници истовремено;
- често завршува неказнето бидејќи законската регулатива се ажурира многу побавно од развојот на технологијата;
- поради природата на интернетот, може да биде тешко да се избрише или да се отстрани содржината што ја направил насилникот;
- овој вид насилство придонесува за нормализирање на насилството врз жените и девојчињата бидејќи се смета за помалку сериозно од другите облици на насилство, какво што е физичкото насилство;
- самото непрепознавање на овој вид насилство, но и обесхрабрувањето од страна на општеството, ги надополнува ризиците на кои се изложени девојчињата и жените со попреченост. Непрепознавањето на дигиталното насилство придонесува за малиот број пријавувања за институционално решавање и адресирање на овој тип насилство.

Бројни истражувања покажуваат дека технолошки овозможеното насилство влијае врз многу аспекти во нечиј живот, како што се: политичкиот, економскиот, социјалниот, безбедносниот и менталниот. Истражувањето на УНФПА (2023[7]) покажува дека влијанијата на овој вид насилство врз менталното здравје се сериозни и со долготрајни последици. Оние што доживеале некоја форма од ова насилство изјавуваат дека имале состојби како зголемен стрес, анксиозност, депресија, посттрауматско стресно нарушување, самоубиствени мисли, па дури и обиди за самоубиство. Жртвите од сексуализираните форми на технолошки овозможеното родово-базирано насилство честопати се стигматизирани, осудувани и трпат штета по нивниот углед, што влијае врз многу аспекти од нивниот социјален живот.

Покрај тоа, овој вид насилство во одредени средини ги замолчува жените на интернет и го намалува нивното учество во јавниот и политичкиот живот, во демократските процеси и во лидерските улоги. Како резултат на тоа, преку него се зајакнуваат патријархалните улоги, норми и структури и е голема бариера за родовата еднаквост и постигнувањето на целите за одржлив развој. Од економски аспект, со сè почестото работење онлајн и од далечина, како и со големиот број професионални алатки и платформи за професионално работење, професионална комуникација и професионален развој, овој вид насилство станува сè поголема потенцијална закана за жените и девојќите со попреченост и им јаускратува можноста за економски и професионален развој.

Во општествата каде што сè уште има институционална и општествена дискриминација врз жените и девојките со попреченост, а воопшто не се ни отвара прашањето за нивно политичко учество, насилството кое доаѓа од дигиталниот свет, создава уште поголемо обесхрабрување кон лицата со попреченост и нивните родители/старатели.

7 Measuring technology-facilitated gender-based violence. A discussion paper 2023

## Позитивни страни на технологијата и на дигиталниот простор и лицата со попреченост

И покрај тоа што постојат одредени ризици, кога се употребува правилно, технологијата е најдостапната, најевтината и најомилената алатка што на извесен начин ги надоместува, во поголема или во помала мера, сите 4 аспекти од гореспоменатата класификација на видовите попреченост. Имено, технологијата има моќ да го намали или целосно да го надомести оштетувањето кај некои лица со попреченост; понатаму, со нејзина помош лицата со попреченост можат активно да извршуваат голем број функции и активности, како читање, пишување, меморирање, зборување, движење итн; технологијата им овозможува на лицата со попреченост и активно учество во бројните општествени сфери, како образованието, вработувањето, културниот, спортскиот и забавниот живот. Уште од многу одамна, таа служела и за надминување на бариерите во животната средина, така што претставува нераскинлив елемент, особено во третава деценија од 21 век. Со други зборови, технологијата има трансформативен потенцијал да го подобрува животот на лицата со попреченост преку обезбедување иновативни решенија кои промовираат пристапност, инклузивност и независност. Асистивните технологии, на пример, можат да го подобрат квалитетот на живеење, активното учество и надминувањето на телесното оштетување преку олеснување на комуникацијата, мобилноста и пристапот до информации, а со тоа да ги ублажат бариерите во физичките средини.

Технологијата, исто така, има потенцијал да го подобри и унапреди животот на лицата со попреченост, обезбедувајќи простор за нивно вмрежување, обезбедувајќи пристап до добро платени работни места од далечина до кои не постојат физички бариери за нивно вработување, обезбедувајќи можност за онлајн образование, едукација и учење на вештини, учење на странски јазици и друго, со што тие се конкурентни на пазарот на трудот, што, пак, ги вади од сиромаштија и им отвора нови можности, за планирање сопствени семејства, планирање самостојно живеење и многу друго. Во контекст на родово-базираното насилство, технологијата може да биде одлична алатка преку која лицата со попреченост ќе се едуцираат за родово-базираното насилство, ќе бидат во тек со начините за заштита и превенција од овој вид насилство, а доколку станат жртви, преку соодветни дигитални и технолошки платформи ќе можат да го пријават тоа со цел да бидат соодветно заштитени.

Напорите за рушење на стереотипите и предрасудите за лицата со попреченост треба да бидат паралелни со иницијативите што ја користат технологијата за обезбедување на инклузивност и пристапност. Ова вклучува застапување за развој и имплементација на пристапните технологии кои понатаму им даваат можност да се информираат за сексуалното и репродуктивното здравје, планирање на семејството и градењето односи. Со прифаќање на технологијата како алатка за зајакнување на овие лица, наместо како алатка што носи ризик и ја овозможува дискриминацијата, можеме да работиме на препознавање, спречување и заштита од насилството со кое се соочуваат лицата со попреченост и во реалната и во виртуелната сфера.

Некои потенцијали што со себе ги носат најновите технологии, како што е, на пример, вештачката интелигенција, им даваат можност на девелоперите да развијат и да имплементираат алатки за дополнителна безбедност на интернет, специјално прилагодени за лицата со попреченост. Ова би вклучувало функции во поставките што автоматски ќе ја подобруваат приватноста и безбедноста на лицата со попреченост на социјалните мрежи и другите технологии, со што би можеле да се превенираат поголемиот број форми на родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологија, на пр., изнудување, следење или вознемирување. Моделите за тренирање на вештачката интелигенција може во себе да содржат алгоритми во кои експлицитно ќе се лимитира креирање вештачка содржина во која попреченоста е претставена на начин што ги повредува дигнитетот, интегритетот и добробитот на лицата со попреченост.

Дигиталните платформи може да се користат и за кампањи за подигање на свеста и едукативни иницијативи насочени кон промовирање на разбирањето и почитувањето на лицата со попреченост. Ова може да помогне во спротивставувањето на стереотипите и дискриминаторските ставови што можат да придонесат за дигитално насилство врз основа на родот и попреченоста.

Понатаму, онлајн заедниците и форумите можат да обезбедат простор за поддршка на лицата со попреченост, можност да се поврзат, да споделуваат искуства и да пристапат до важни ресурси на оваа тема. Ова може да помогне во градењето чувство на заедница и зајакнување, што е од исклучително значење бидејќи сè уште се табуизираат темите поврзани со технолошки овозможеното родово-базирано насилство и лицата со попреченост, а

самото креирање на простор за дискусија веќе би овозможило градење на солидарност и поддршка за жртвите и лицата коишто преживеале ваков вид насилство.

Уште една позитивна страна на технологијата во блиска врска со оваа тема е нејзината моќ да помогне во едукацијата на лицата со попреченост за сексуалноста и репродуктивното здравје. Иако може да се признае дека сексуалноста е основна човекова потреба, свеста и знаењето за сексуалноста се обликуваат преку низа контекстуално специфични општествено-културно-религиозни идеи и практики. Пресекот на технологијата и сексуалноста, сексуалното и репродуктивното здравје, како и стремежот за основање семејство и планирање на семејството за лицата со попреченост, често се замаглуваат со веќе постојните и преовладувачките стереотипи и предрасуди. За жал, овие заблуди служат како основа за дискриминација и насилство, манифестирајќи се и во реалноста и во виртуелниот свет. На пример, препораките на УНФПА[8], го гледаат дигиталниот простор како еден од клучните начини на кој девојчињата и жените со попреченост би можеле да се информираат за сексуалното и репродуктивното здравје.

Сепак, целосниот потенцијал за унапредување на правата на лицата со попреченост и во однос на нивната сексуална слобода и репродуктивно здравје останува неискористен. Како што се нагласува во истражувањето на Рену Адлака, Џенет Прајс & Ширин Хајдари (Renu Addlakha, Janet Price & Shirin Heidari; 2017), лицата со попреченост од страна на општеството се инфантилизирани и се сметаат за асексуални (или во некои случаи, хиперсексуални), претставени се како неспособни за репродукција и несоодветни сексуални/брачни партнери или родители. Правата на лицата со попреченост за сексуално и репродуктивно здравје и правото на сексуално општење со други лица и натаму продолжуваат да се оспоруваат во некои средини, а особено во однос на жените со попреченост. За жените, попреченоста често значи исклучување од животот на женственост, партнерство, активна сексуалност и негирање можности за мајчинство што може да се промени ако, меѓу другото, технологијата се употребува правилно и контролирано.

Во овој контекст, од клучно значење е да се препознае сложената врска помеѓу технологијата и искуствата на лицата со попреченост во доменот на сексуалноста и планирањето на семејството. Стереотипите и предрасудите околу попреченоста може да ги овековечат штетните наративи, што доведува до дискриминација и насилство против оваа демографска категорија, и онлајн и офлајн. Решавањето на ова прашање е од суштинско значење за спречување и борба против насилството, обезбедување заштита на правата и благосостојбата на лицата со попреченост.

---

8 Guidelines for Providing Rights-Based and Gender-Responsive Services to Address Gender-Based Violence and Sexual and Reproductive Health and Rights



# Резултати од интервјуата со лица со попреченост и родители на лица со попреченост

Интервјуата се спроведоа во период од 8 до 28 ноември 2023 година, а беа интервјуирани вкупно 13 лица. Поточно, шест лица беа родители на лице со попреченост, една учесничка беше згрижувачка и 6 беа лица со попреченост кои беа директно интервјуирани. Дополнително, тие 13 лица со попреченост за кои станува збор, според видот на попреченоста, припаѓаат во 4 генерално рамномерни категории: лица со Даунов синдром, лица од аутистичниот спектар, лица со телесно или церебрално оштетување, и лица со оштетување на сетилото за вид и/или слух.

**Табела 1.**

| ИНТЕРВЈУА СО | ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ | РОДИТЕЛИ НА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ | ЗГРИЖУВАЧКА НА ЛИЦЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ |
|---|---|---|---|
| 13 ЛИЦА | 6 | 6 | 1 |

Целиот прашалник е претставен во Анекс 1. Во воведниот дел, на прашањето „Која апликација најмногу ја користите, Вие или лицето за кое се грижите", убедливо најчест одговор беше „Фејсбук", па „Инстаграм", „ТикТок" и „Зум". На пример, сите испитаници лично користат Фејсбук, додека 5 користат Инстаграм, една личност користи Зум, а една ТикТок.

Според интервјуата, родителите/старателите коишто на своите деца им дозволуваат да ги користат апликациите кажуваат дека најчесто се во тек и дека имаат контрола над платформите што ги користат нивните деца, додека само еден родител, сепак, не врши целосна контрола над своето дете. Ова укажува дека дел од испитаниците – лица со попреченост, имаат лимитиран пристап за целосно користење на дигиталниот простор и социјалните мрежи.

Низ понатамошната дискусија со испитаниците, од страна на испитаник беше споделена ситуација во која контролата од страна на родителите (без да се навлезе во дискусија за оправданоста) ги лимитира потенцијалните романтични можности на лицето со попреченост. Овој случај отвора многу прашања во однос на тоа кои се начините за комуникација на самите лица со попреченост и како општеството ја доживува сексуалната слобода и активноста на лицата со попреченост. Според една од испитаничките:

*„Мојот син со попреченост создаде врска со партнерка која беше со иста попреченост. Тие се познаваа долго време и беа пријатели, по откако почнаа романтично да комуницираат, родителите на девојката ѝ забранија да продолжи да комуницира со мојот син, со објаснување дека таа не смее да влегува во вакви романтични врски."*

## Искуствата на лицата со попреченост и на нивните родители/старатели со овој вид насилство

Еден од клучните аспекти на дискусијата со учесниците беше нивното искуство со технолошки овозможеното родово-базирано насилство. Низ одговорите беше заклучено дека со исклучок на двајца, повеќе или помалку, сите беа запознати со тоа што претставува дигиталното родово-базирано насилство. Само двајца испитаници изјавија дека некогаш се почувствувале дискриминирани или пак им се случило насилство поврзано со нивниот род. Повеќето од наодите укажуваа дека доминантна препозната форма на дискриминација останува општествената и/или институционалната. Но, треба да се земе предвид дека поради сензитивноста на прашањето, не секој од учесниците се чувствувал/а слободно да одговори на ова прашање.

За да се даде можност за воопштено разговарање на оваа тема, беше поставено потпрашањето **„Дали може да ми објасните, на кој медиум, на кој начин и во каква форма се случи?“** На ова одговорија пет лица. Одговорите за формите во кои испитаниците искусиле форма на технолошки овозможено родово-базирано насилство беа следните:

- ✓ насилството спрема нив се појавило откако тие изразиле поддршка за различноста во сексуалноста кај други луѓе,
- ✓ случај во кој статусот на самохраните родители бил поврзан со нивна наводна промискуитетност,
- ✓ други биле вербално навредувани поради споделување на слики на социјалните медиуми,
- ✓ дел од испитаниците доживеале дискриминација при обиди за создавање конекција,
- ✓ до дел од нив стигнале споделувани слики со експлицитна содржина од други лица итн.

*„Потребно е да се организира работилница за лицата со оштетен слух и да се обезбеди толкувач со цел да се подигне свеста кај глувите лица во врска со дигиталното родово-базирано насилство.“ – учесник/чка во истражувањето*

Според тоа како испитаниците ги објаснуваат конкретните моменти кога искусиле родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата, се забележува дека најчести се вербалното насилство во форма на клевета и говорот на омраза преку интернет, и тие се користат за дисциплинирање на дигиталното присуство на лицата со попреченост и нивните родители. Имено, иако станува збор за мал број испитаници во оваа дискусија, постои јасна поврзаност и таргетирање преку технолошки овозможеното родово-базирано насилство на лицата со попреченост и нивните родители/старатели од страна на сторителите на насилството. Ова се поткрепува и со истражувањето на литературата.

Според еден испитаник чиишто слики биле споделувани со други лица без негова согласност, нормализираноста на овој тип комуникација со подемот на технологијата, воопшто не се доживува како проблематична, туку како дел од секојдневието. Според неговите искуства – во онлајн заедницата и на социјалните мрежи продолжува културата на нормализирање на насилството и, според него, тоа придонесува за десензитивизирање за одредени проблематични ситуации и форми на насилство. Во контекст на неговото објаснување, особено за „генерациите родени на интернет“, некои од овие форми на технолошки овозможеното родово-базирано насилство се дел од секојдневната комуникација што, според него, не значи дека не се потребни мерки, едукација и сеопфатен пристап за да се смени тој тип култура, како и насилството во секоја форма.

Една испитаничка преживеала и форма на родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата наречена курвоклетство[9] каде што навредите и вознемирувањето не биле двосмислени туку директно поврзани со нејзината слобода да ги користи социјалните мрежи и да постира слики од самата себе. Во овој случај станува збор за експлицитно дигитално родово-базирано насилство поврзано со родовите стереотипи и очекувањата од женските нетипични тела.

9 Курвоклетството или сексуалното посрамување на интернет (англ. slut-shaming online), честопати нарекувано и слатшејминг, е форма на родово-базирано насилство, често насочено кон тинејџерки и ЛГБТКИ+ лица, кои се дискриминирани и понижени бидејќи не ги исполнуваат социјалните и родовите норми во однос на сексуалното однесување, изгледот и сексуалноста. Онлајн сексуалното срамење често се преклопува и со сајбердемнење, споделување порнографија без согласност и вмрежено вознемирување, што го интензивира негативното влијание врз лицата кои се цел на ова однесување.

*„Јас лично сум била сведок на дискриминација. Затоа што на профилната слика сум дотерана и нашминкана, одредени луѓе коментираа дека сигурно сум курва.“ – лице со попреченост, испитаничка во истражувањето*

Ова споделено искуство укажува на тоа дека технолошки овозможеното родово-базирано насилство, покрај последиците врз нејзиното ментално здравје и достоинство, се користи и како форма на дисциплинирање на користењето на социјалните мрежи според нејзината сопствена желба. Односно, овој тип на дигитално засрамување има за цел да ги обесхрабри лицата со попреченост да ги практикуваат своите желби и самостојност, па дури да го контролира и изгледот на тие лица на социјалните мрежи. Дигиталното родово-базирано насилство специфично ги таргетира и ги прави поранливи жените и девојчињата со попреченост бидејќи во овој случај има комбинација на најмалку две основи по кои се прави интерсекцијанасилство заради попреченоста и насилство бидејќи се од женски род, а честопати на тие основи се надоврзуваат и голем број други идентитетски основи за дискриминација и насилство.

Значајно е дискусиите и иницијативите да се развиваат признавајќи ги поединците со попреченост како сексуални суштества со еднакви права со лицата без попреченост, опфаќајќи ги желбите за сексуално задоволство, интимност, љубов, пријателство, врски и избор при сексуалните и репродуктивните прашања. Застапувањето за родовите права и за лицата со попреченост треба да се фокусира на овие прашања, потпомогнато од коалициите и сојузите. Феминистичките организации и организациите за сексуални права можат и треба активно да негуваат дијалог и соработка меѓу сите овие аспекти, инкорпорирајќи ги овие теми во своите напори за застапување и истражување.

Ова нè води и до следниот интерсекциски пристап – попреченоста и сексуалната ориентација. Една од испитаничките, која е родител на лице со попреченост, добила закани, навреди и вознемирување во форма на осудувања поради поддршката на заедницата на ЛГБТ+ на социјални мрежи:

*„Јас скоро секогаш сум давала поддршка на сите настани каде што биле вклучени лицата со попреченост. Па така, кога еднаш давав моја поддршка на лицата од LGBTQ+ заедницата голем број родители на деца со попреченост ме осудуваа и многу отворено влегуваа во конфликт со мене со прашањата ‘Како можам да се борам за нив?’ Мојот одговор е секогаш дека и тие лица имаат свои тешкотии од некаков вид и треба да им се даде поддршка.“ – испитаник/чка од истражувањето*

Овој случај е значаен за дополнителна анализа во две конкретни насоки. Првата е дека во доминантните општествени наративи се брише идејата дека LGBTQ+ лицата можат да бидат дел од заедницата на лица со попреченост и на нивните родители/старатели, оттаму се и навредите спрема испитаничката што дала поддршка. Вториот аспект – кој се коси со клучните препораки на многу теории (Cathy J. Cohen, 1997) и на интерсекцискиот пристап – а тоа е солидарноста **меѓу и во** заедниците на маргинализираните групи луѓе. Сè уште, еден од главните начини на застапување во практиката е широката коалиција и бројноста со цел да се направат сериозни системски промени. Дополнително, како што беше споменато и во воведот и во анализата на литературата – обесхрабрувањето и замолчувањето на активните лица, активистите за лицата со попреченост и генерално на магинализираните лица, претставува една од формите на технолошки овозможеното родово-базирано насилство.

*„Мислам дека уште поголем проблем е што некој од лицата со попреченост можно е и да се чувствуваат дека припаѓаат во LGBTQ+ заедницата, но не се сигурни бидејќи не им е дозволено воопшто да пробаат да се впуштат во таква врска. Тука се создава уште една дополнителна дискриминација, а родителите се најчесто најголемиот проблем бидејќи не им дозволуваат јавно да го направат тоа, па лицата многу често со криење се обидуваат да искусат некое сексуално искуство и потоа тоа излегува многу грдо.“ – испитаничка, родител на лице со попреченост*

Но, спротивно од градењето коалиции е одредената перцепција дека постои јасна поделба меѓу општествените битки и не се создаваат поврзувања на потенцијална солидарност и соработка. Тоа беше изразено во еден од исказите:

*„Мислам дека и голем проблем е што некако пренагласено се зборува и се промовира заедницата на LGBTQ+ лица и заедницата на лица со попреченост. Мислам дека и двете групи се злоупотребуваат со ваквиот вид гласно говорење и застапување на овие групи граѓани.“ – испитаник/чка во истражувањето*

Во овој исказ може да се види дека сè уште е потребно да се работи на поврзувањето на борбите со кои се соочуваат маргинализираните групи и да се укаже на препораките на Кети Коен (Cathy J. Cohen, 1997) за градење на широка коалиција – при заедничко застапување за унапредување на правата на сите маргинализирани луѓе. Како и на тоа дека е потребен повеќеслоен пристап при утврдувањето на нечиј целосен идентитет, во негова финална или нефинална форма. Аргументот на Коен (1997) навистина ја наведува поентата дека ослободувањето е повеќеслојно прашање. Според неа, потребен е многу напор за да се ослободат сите луѓе од дискриминативните и насилните системи. Затоа, во контекст на тоа, важно е да се нагласи дека солидарноста меѓу маргинализираните луѓе, дури и ако не споделуваат исти животни искуства, е неопходна во напорите за ослободување и унапредување на нивните права.

Понатаму, со цел да ги разгледаме дополнителните искуства, го поставивме следното прашање: **„**Дали вие или вашето дете сте биле сведок на дигитално родово-базирано насилство или дискриминација**?“;** сите учесници освен двајца одговорија негативно.

*„Јас лично не сум била дискриминирана, но имаше случај што беше на Фејсбук и имаше многу груба дискриминација по основ на попреченоста, не по основ на полот на едно дете со попреченост. Овој случај беше многу грд и родителот знам дека презеде мерки со тоа што го пријави во полиција и полицијата адекватно реагираше. Исто така, мислам дека случајот беше пријавен и кај Народниот правобранител и лицето кое ја направи дискриминацијата беше приведено на сослушување, но не знам какви беа одлуките и дали некој сноси одговорност.“ – испитаник/чка во истражувањето*

Она што е специфично за овој проблем е што за многу од испитаниците, преку одговорите на другите прашања, се разобличуваат формите на насилство; накратко, тие опишуваат одредени искуства кои се поврзани со родово-базирано насилство. Едниот испитаник сподели искуства за перцепцијата што ја имал во однос на тоа што се смета за различно очекување во однос на родовите улоги во општеството и со тоа го направи поврзувањето со нормализирањето на родово-базираното насилство. Ова укажува на фактот дека е потребно дополнително да се работи на сензитивизирање на сите во нашето општество кога станува за новите форми насилство, креирано од старите идеи за хетеронормативност.

## Механизми и алатки за заштита

Следната тема што беше разгледувана беа начините на заштита од родово-базираната дискриминација и родово-базирано насилство. Беше поставено прашањето околу познавањата на постојните механизми за заштита, односно каде може да се пријави таков случај. Како најчести одговори беа Хелсиншкиот комитет, МВР, односно во полицијата и во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а во помалку наврати и во асоцијацијата „Хера“, Центарот за социјални работи, СОС-телефоните за пријавување на насилство.

*„Досега имам само позитивно искуство од Хера бидејќи кај нив имам добиено информации и сум била на обука за тоа како може да се заштитиме.” – испитаник/чка во истражувањето*

Следното прашање од оваа тема беше дали учесниците знаат каде може да се јават и да разговараат за добивање поддршка доколку доживеале родова дискриминација. Одговорите на учесниците беа помалку сигурни – примерите што ги споделија беа поопшти: здруженијата за поддршка, МВР, шелтер-центрите, СОС-линиите и слично. Би сакале да истакнеме дека и самиот процес на интервјуирање за испитаниците беше едукативен во однос на тоа кои механизми и алатки за заштита постојат и можат да бидат користени.

*„Кога првпат ми се случи семејно насилство тогаш ништо не направив и никаде не се јавив мислејќи дека сама можам да се справам со сè. Сега, откако подолго сум вклучена во невладиниот сектор, многу повеќе знам и за тоа како функционираат работите и како да си помогнеме, веднаш би се јавила секаде и би побарала помош и правно би ги истерала работите секаде каде што е потребно.“ – испитаник/чка во истражувањето*

Одговорите на испитаниците укажуваат на многу поголема наклонетост кон невладиниот сектор отколку кон системските алатки. Многу од нив имаа само слушнато за тоа каде можат да побараат помош, но никогаш не се обиделе. Една од испитаничките изјави дека има многу голема недоверба во системските механизми, поточно во полицијата, со изјава дека:

*„И да имаш проблем, ако немаш врски никој нема ништо да направи.“*

Еден од учесниците кажа дека иако не знае, проблемот е со пристапноста до нив, бидејќи најчесто на институциите и организациите им недостасува толкувач на знаковен јазик.

Како последно прашање од оваа група беше: „Доколку се случила дискриминација и насилство, дали сте посетиле психолог/друго стручно лице за да се минимизира ефектот од насилството?“ Сите одговорија позитивно, со исклучок на една учесничка која сподели дека во минатото имала потреба и не се јавила, но доколку повторно ѝ се случи тоа дефинитивно би побарала помош и поддршка.

Последната тема што беше разгледувана беше за алатките што можат да се применат за заштита од родово-базирано насилство и дискриминација. Па така, првото прашање беше дали учесниците имаат информации, односно дали имаат механизми и ресурси за заштита од технолошки овозможеното родово-базирано насилство, дали тие функционираат и како би можеле да се подобрат. За почеток, не сите учесници имаа детално знаење за овие механизми, а тие што имаа се разликуваа во степенот на информираност. Некои од наброените механизми беа следните:

- често беше споменато дека самите платформи и апликации имаат механизми за пријавување и блокирање со кои може да се санкционираат корисниците;

- исто така, беше споменато дека може да се пријави директно во полиција, но испитаниците споделија песимизам и недоверба кон ефективноста на овој механизам зашто ретко кога се постигнувало некаков позитивен исход.

Подетално, сегашните механизми за пријавување на (дигиталното) родово-базирано насилство се детектираат во нивните искази преку институциите, но сепак останува можноста за унапредувања на механизмите на заштита и превенција и нивната достапност:

*„Сметам дека родителите на децата со попреченост треба да бидат многу подобро информирани за сите овие закани и за тоа како да го искомуницираат начинот на користење на технологијата.“ – испитаник*

Низ дискусијата, испитаниците споделуваа алтернативни начини на самозаштита преку веќе постојните механизми на интернетот и на социјалните мрежи. Можностите беа да се контролира приватноста, односно кои информации се јавни за сите корисници, како и тоа дали самиот профил ќе биде отворен или затворен само за пријателите и следбениците. Исто така, беше споменато дека треба да се има добра **„дигитална хигиена“**, односно да се користат лозинки кои се тешки за пробивање и да не се користат исти лозинки на повеќе места со што би се намалил ризикот од малициозни напади. Како поинаков механизам беше споменато и користење на пристапот за ограничување на децата кон самите апликации, т.е. да се користат алатки со кои ќе се ограничи содржината до која ќе имаат пристап малолетните лица со попреченост.

*„Треба многу повеќе да се едуцираат лицата со попреченост како да се однесуваат на социјалните медиуми.“ – испитаничка*

## Влијанието на технолошки овозможеното родово-базирано насилство врз сексуалноста и сексуалното и репродуктивното здравје кај лицата со попреченост

Сексуалноста, сексуалното и репродуктивното здравје, можноста за основање семејство и слободното планирање на семејството на лицата со попреченост е под сенка на стереотипи и предрасуди кои пак се основа за дискриминација и насилство и во реалниот и во виртуелниот свет (Рашиќ-Цаневска et all, 2023).

*„Јас работам со лица со попреченост, особено со лица од аутистичниот спектар и од она што го имам видено во однесувањето на родителите е дека табуто поврзано со сексуалноста и личното чувство за сексуалност е дискриминирано прво и тоа најмногу и најчесто од страна на семејството."*

*„Мислам дека толку малку се работи на подигање на свеста за сексуалноста кај лицата со попреченост особено кај женскиот пол; сметам дека кај нив дискриминацијата **е** уште поголема одколку кај машките лица со попреченост."*

Сметаме дека треба на некој начин да се направи поврзување на овој вид строги стереотипни ограничувања, како основа за родово-базирано насилство, со цел користење на дигиталните алатки и платформи во позитивни едукативни цели за сексуалноста и сексуалното и репродуктивно здравје меѓу лицата, особено меѓу жените со попреченост.

Последното прашање беше како може технологијата да се користи со цел да се подигне свеста во врска со дигиталното родово-базирано насилство. На ова прашање сите учесници се согласија и споделија дека треба да се спроведат соодветни обуки и кампањи за да може да се зголеми дигиталната писменост кај корисниците, да се направат прирачници и, општо, повеќе да се зборува за оваа тема на самите социјални мрежи. А фактот што лицата со попреченост, како што се воочи и од ова истражување, се повеќекратно, по повеќе основи, потенцијални жртви на ваков вид насилство укажува дека е потребно итно да се работи на исполнување на препораките што следуваат, со цел да се намали ризикот лицата со попреченост да станат жртва на родово-базирано насилство овозможено со (зло) употреба на технологијата.

# Заклучоци

Иако ова истражување беше ограничено и според вкупниот број испитаници и според прегледаната тематска литература, сепак преку него се дојде до солидни теориски и практични заклучоци од кои потоа произлегуваат конкретни препораки. Во продолжение се дадени заклучоците што сметаме дека се најзначајни за темата и за читателите на ова истражување, поделени на заклучоци од деск-анализата и заклучоци од самите интервјуа со испитаниците.

1. Заклучоци од анализата на литературата

- Лицата со попреченост имаат специфични индивидуални, идентитетски карактеристики, како видливоста на попреченоста, видот и степенот на попреченоста, пристапноста во средината во која овие лица живеат и достапноста до соодветни ресурси, асистивна технологија и помагала. Така, ако не се земат предвид спомenatите индивидуални карактеристики при правењето стратегии, мерки и политики за нивна заштита од родово-базирано насилство, тогаш сите лица со попреченост нема да имаат еднаков бенефит од тие политики, стратегии и мерки, односно нивните различни потреби нема да бидат детално истражени. Понатаму, ова ќе доведе до немање решенија базирани врз различните потреби што доаѓаат од индивидуалните карактеристики на попреченоста што секое лице ја има.
- Лицата со попреченост, поради природата на попреченоста и физичката и дигиталната непристапност, генерално се во многу поголем ризик да станат жртва на родово-базирано насилство овозможено со технологијата отколку лицата без попреченост.
- Потенцијалот што го имаат современите технологии, во поглед на заштита на лицата со попреченост од технолошки овозможеното родово-базирано насилство, не е сосема искористен и има простор за негово дополнително искористување, особено во едукативни и информативни цели, во делот на овозможување попристапен, непосреден начин за пријава и заштита од родово-базираното насилство, како и во користењето како средство за поддршка од заедницата и сл.
- Кампањите за подигање на свеста, бројните дигитални брошури, прирачници, водичи, како и платформите што се користат во едукацијата за превенција од родово-базираното насилство предизвикано со (зло)употреба на технологијата, во овој момент, најчесто се во непристапен формат за лицата со попреченост, особено во помалите држави и на помалите јазици, каков што е случајот со Северна Македонија и со македонскиот јазик, каде што нема строги регулативи во поглед на пристапноста на дигиталните документи и веб-платформите. Дополнително, јазиците што се зборуваат во помалите региони, како македонскиот и албанскиот јазик, во овој случај, можеби немаат толку многу ресурси на располагање за превод и за прилагодување во достапните формати. Отсуството на јасни и инклузивни регулативи во однос на пристапот до дигиталните документи и веб-платформите дополнително го зголемува проблемот. Без законски барања или упатства за да се обезбеди исполнување на стандардите за пристапност, организациите и поединците можеби нема да имаат приоритет своите материјали да ги направат достапни за сите. Конечно, овој недостаток од пристапност ја продолжува нееднаквоста со исклучување на лицата со попреченост од пристапот до виталните информации и ресурси насочени кон спречување на родово заснованото насилство. Решавањето на овие празнини во пристапноста е од клучно значење за промовирање на инклузивноста и обезбедување на можноста секој, без оглед на способностите или јазикот што го зборува, да има корист од овие важни иницијативи.
- Дигиталните платформи како Редит, Фејсбук и други веќе се користат како простор за поврзување на лицата со попреченост, за споделување искуства и пристапување до важни ресурси на оваа тема. Ова придонесува кон градењето чувство на заедница и е исклучително значајно бидејќи сè уште се табуизираат темите поврзани со технолошки овозможеното родово-базирано насилство и лицата со попреченост.

2. Заклучоци од интервјуата со лицата со попреченост и нивните родители/старатели

- Особено важно е што сите лица со попреченост го посочуваат проблемот со непристапноста на сервисите за пријавување насилство (нема толкувач на знаковен јазик, нема дигитална пристапност ниту физичка пристапност при постојните механизми за лицата со оштетен вид и лицата со ограничено

движење и сл.), што ги спречува да пријават ваков вид насилство и да побараат згрижување и заштита од насилникот;

- Во некои случаи, кога станува збор за користење на технологијата и на социјалните мрежи, родителите се поставени презаштитнички спрема своите возрасни деца со попреченост. Поради тоа, дел од лицата со попреченост чијашто самостојност не дозволува самите да користат технологија и интернет, понекогаш имаат сериозно контролиран и ограничен пристап од страна на своите родители и старатели, кои немаат цел да ги ограничат туку, пред сè, да ги заштитат своите деца токму од заканите што доаѓаат преку технолошки овозможеното родово-базирано насилство;
- Социјалната стигма и неинклузивноста влијаат врз самоперцепцијата на некои од лицата со попреченост. Дополнително на ова, ејбелизмот се пресликува и во очекувањата од визуелното присуство на социјалните мрежи. Па така, поттикнати од општиот начин на размислување, според кој попреченоста сè уште се стереотипизира, некои лица со попреченост се поттикнати да ја кријат својата попреченост со помош на социјалните мрежи и дигиталната комуникација. Ова понекогаш резултира првично со нивен успех во делот на романтично поврзување со друго лице, но честопати можат да бидат повредени поради ризикот другото лице да прекине со комуникација откако ќе дознае дека разговара со лице со попреченост;
- Поголемиот број родители и лица со попреченост немаат продлабочени знаења на оваа тема, но важно е да се нотира дека овој тип насилство постои, дека понекогаш и самите испитаници го искусиле и го препознаваат. Потребно е да се работи на подобрување на пристапот до информации и менување на нормите при адресирањето на насилството. Ова е особено значајно поради сè позачестеното нормализирање на насилството што потекнува и од родовите улоги и од непрепознавањето;
- Некои од испитаниците кажуваат дека немаат доверба во државните институции кога станува збор за механизмот на пријава и заштита од родово-базираното насилство; други, пак, повеќе веруваат главно во невладиниот сектор, додека трети се неутрални по ова прашање;
- Поголемиот дел од родителите/старателите и лицата со попреченост не ја гледаат јасно можноста за здружување со други маргинализирани групи во општеството со цел заедничко дејствување за остварување на своите права;

# Препораки

Со оглед на постојано променливите нови форми и специфичните карактеристики на онлајн насилството, за превенција и негова елиминација потребен е колективен ангажман од страна на сите чинители, што ги опфаќаат: извршната, законодавната и судската власт, невладините организации и неформалните феминистички движења, давателите на услуги, медиумите, академската фела, како и самите жртви на овој вид насилство. Притоа, споменатите чинители, при правењето на какви било реформи и законски усогласувања, обуки и други форми за превенција и заштита на жртвите од овој вид насилство, истражувања на оваа тема или лични сведоштва, задолжително треба да го земат предвид принципот на човекови права, со посебен осврт на искуствата на жените и девојките, со сета нивна различност, за да се осигура дека нивните потреби се задоволени. Последново е особено важно кога станува збор за жените и девојките со попреченост, бидејќи нивните искуства, ставови и основани стравови по однос на технолошки овозможеното родово-базирано насилство, поради природата на попреченоста со која тие се соочуваат, прават нивниот глас честопати да не биде слушнат.

Наша цел при носењето на овие препораки е тие да бидат практични и применливи. Дел од нив се извлечени од анализата на литературата, а дел од интервјуата на испитаниците. Ги сумиравме во 5 точки, од кои 4 точки се препораки на истражувачкиот тим, а петтата точка се препораки од учесниците во форма на цитати.

1. Препораки за општеството, организациите и институциите надлежни за спречување, заштита и превенција на родово-базираното насилство

- Земајќи го предвид фактот што само мал број од испитаниците опфатени со ова истражување ги знаеја конкретните механизми за превенција и заштита од родово-базираното насилство овозможено со технологијата, потребно е општеството, институциите и организациите да ги зајакнат механизмите за препознавање на овој вид насилство, како и за негово пријавување преку едукација на лицата со попреченост и нивните родители за оваа тема на системско ниво.
- Северна Македонија треба континуирано да се усогласува со легислативата на Европската Унија за овој вид насилство бидејќи во рамките на ЕУ се креираат политиките кои ги регурираат компаниите што стојат зад социјалните мрежи и дигиталните медиуми, како и производителите на друг вид технологија. Ова усогласување е исклучително важно бидејќи на тој начин државата ќе ги принуди компаниите да воспостават механизми за превенција од овој вид насилство во нивните производи и услуги, да имплементираат механизми за пријавување на технолошки овозможеното родово-базирано насилство, како и да ги обештетуваат жртвите што искусиле насилство преку нивните социјални мрежи и дигиталните медиуми.
- Потребно е институциите и организациите што работат на превенција и заштита од родово-базираното насилство да го препознаат потенцијалот на современите технологии во поглед на заштита на лицата со попреченост од технолошки овозможеното родово-базирано насилство, особено во едукативни и информативни цели, како и во делот на овозможување попристапен, непосреден начин за пријава и заштита од родово-базираното насилство, и во користењето како средство за поддршка од заедницата и сл.
- Итно е потребно организациите и институциите што прават кампањи за подигање на свеста, да продуцираат материјали за информирање и едукација на населението и да користат најразлични дигитални платформи за превенција од овој вид насилство, да го прават тоа целосно пристапно (во пристапен формат и содржина за лицата со попреченост) за да може тие кампањи и материјали да стигнат и до овој дел од популацијата.
- Пресликувајќи ги сознанијата од интерсекцискиот пристап, потребно е, покрај општите идентитетски фактори, како родот, етничката припадност, социјалниот статус, верата, расата итн., секогаш да се земаат предвид и специфичните идентитетски фактори на лицата со попреченост, како што се видливоста на попреченоста, видот и степенот на попреченоста, пристапноста на социјалните мрежи и дигиталните услуги за заштита и превенција на родово-базираното насилство, како и достапноста до центрите за хабилитација и рехабилитација каде што се изучуваат соодветното користење на асистивната технологија и другите помагала, со цел при креирањето политики, стратегии и мерки сите лица да бидат опфатени и да имаат бенефит од нив.

- Кампањите на социјалните мрежи и преку другите физички и дигитални медиуми за родово-базирано насилство, прирачниците, водичите, брошурите и другите пишани ресурси на оваа тема, како и едукативните платформи за превенција, заштита и пријавување на родово-базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата треба да се во пристапен формат за нивните содржини да стигаат до лицата со попреченост.
- Потребно е граѓанските организациите што работат на заштита од насилство, како и организациите на лица со попреченост да организираат адаптирани курсеви за дигитална писменост за лицата со попреченост, со посебен акцент на жените со попреченост, каде што лицата со попреченост ќе научат како да ја заштитат својата приватност во виртуелниот простор преку користење на асистивната технологија.
- Покрај обезбедување физичка и дигитална пристапност во центрите за згрижување на жртвите на родово-базираното насилство, потребно е персоналот вработен кај овие даватели на социјални услуги да се обучи за работа со лицата со попреченост што се жртви на родово-базираното насилство.
- Потребно е институциите најитно да ги обезбедат клучните правни документи и законската легислатива што ги регулира санкционирањето и механизмите за заштита од овој вид насилство во пристапен формат, со цел лицата со попреченост да можат директно да се информираат за правниот пат што треба да го поминат за да се заштитат од некој што извршил технолошки овозможено родово-базирано насилство над нив.
- Потребно е да се овозможи средина, и во дигиталниот и во офлајн просторот, лицата со попреченост да станат проактивни во поглед на остварувањето на своите права. Ова е значајно со цел општеството, институциите и организациите да им овозможат пристапност до дигиталниот простор. Исто така, информациите и едукативните материјали за родово-базираното насилство, вклучувајќи ги и системот и механизмите за пријава и заштита од родово-базираното насилство, треба да бидат пристапни.

2. Препораки за академската заедница и истражувачите

- Анализата на достапните податоци покажа дека недостасуваат сеопфатни истражувања и иницијативи кои ги анализираат овие појави кај лицата со попреченост. Оттаму една од препораките е академската заедница, независните истражувачи и истражувачки, насочените организации и институции, да ги анализираат и квантитативните, но и квалитативните податоци и влијанија од овој вид насилство врз лицата со попреченост. Исто така, потребна е нивна проактивност во посочувањето на ризиците што доаѓаат со новите технологии и нивна континуирана соработка со законодавната власт, со цел побрзо ажурирање на законската регулатива. Ова би придонело кон обезбедување законска основа и санкционирање на соодветните кривични дела поврзани со новите технологии и формите на родово-базирано насилство извршено со (зло)употреба на технологијата.
- Друга важна препорака за истражувачите и академската заедница е секогаш да ја земаат предвид интерсекционалноста кога прават истражувања на оваа тема, при што особено ќе обрнат внимание на специфичните идентитетски карактеристики на лицата со попреченост наспрема другите лица во општеството, како што се, видот и степенот на попреченоста, видливоста на попреченоста, пристапноста во средината или на определена платформа итн.

3. Препораки за лицата со попреченост

- Пред сè, лицата со попреченост во рамките на нивните можности неопходно е да се информираат и едуцираат за тоа што е технолошки овозможено родово-базирано насилство, за формите на овој вид насилство и за системот и механизмите каде што можат да пријават.
- Креирањето и користењето безбедни простори во дигиталниот свет од страна на лицата со попреченост е одлична практика и заслуга, во најголем дел, на самите лица со попреченост. Во таа насока, она што може да се препорача е лицата со попреченост да продолжат со користење на дигиталниот простор, особено на социјалните мрежи и платформи како Редит, Фејсбук и други, каде што тие меѓусебно си даваат поддршка и споделуваат ресурси на темите како што се родово-базираното насилство и системската нееднаквост кон лицата со попреченост.
- Потребно е лицата со попреченост да се вклучуваат во адаптирани курсеви за дигитална писменост, каде што ќе научат да ја заштитат својата приватност во виртуелниот простор, ќе научат за важноста од користењето сложени лозинки и двофакторска верификација, ќе ги научат механизмите што постојат на самите социјални мрежи (блокирање на потенцијални насилници, пријавување на насилниците до

компаниите што се во заднина на социјалните мрежи итн.).

- Лицата со попреченост, во рамки на нивните можности, потребно е да се запознаат со правните документи што ги штитат од овој вид насилство.
- Ако не ја владеат добро, лицата со попреченост треба да научат како да ја користат асистивната технологија што е од голема полза за нив и за нивното самостојно функционирање кога се на интернет.
- Поддржани од училиштата и организациите што работат на овие теми, потребно е лицата со попреченост да ги зајакнат своите комуникациски вештини и да ги унапредуваат вештините за социјални интеракции, што би резултирало со препознавање на намерите на потенцијалните насилници, а со тоа би се превенирало и настанувањето на овој вид насилство врз нив.
- Потребно е креирање соодветна поддршка со цел и лицата со попреченост коишто имаат претрпено ваков вид насилство, да се охрабрат и да зборуваат за него пред други лица со попреченост, односно да се креираат механизми за поддршка од лица со попреченост за лица со попреченост, каде што на непосреден начин последниве ќе учат за потенцијалните ризици од ова насилство.
-

4. Препораки за родители/старатели/згрижувачи на лица со попреченост

- Родителите на лицата со попреченост на кои им е потребна помош и поддршка при користењето на технологијата за комуникациски цели, потребно е да ја даваат поддршката без да им ги ограничат сопственоста и правото на лично мислење на своите деца, притоа претходно да бидат поддржани од организациите и стручните лица на кој начин да го прават тоа.
- На родителите на лицата со попреченост им е потребна поддршка со цел да можат поактивно да го застапуваат правото на нивните деца за физичка пристапност до социјалните услуги (со посебен акцент на шелтер-центрите, станиците на МВР, давателите на социјални услуги); ова, исто така, го опфаќа правото на нивните деца за дигитална пристапност на социјалните медиуми, правото за бесплатна асистивна технологија, правото за пристапни едукативни материјали за нивните деца на овие теми и слично.
- Потребно е унапредување на поддршката којашто родителите ја добиваат во однос на дигиталното насилство и лицата со попреченост. Потребно е тие соодветно, многу повеќе да се едуцираат на оваа тема, да знаат точно кои се ризиците и како правилно да ги превенираат со цел нивните деца да не искусат ваков вид насилство, да ги научат механизмите за пријавување и да научат соодветно да ги поддржат своите деца доколку тие претрпат родово-базирано насилство преку (зло) употреба на технологијата од некого.
- Преку медиумската и дигиталната писменост, родителите можат да развијат вештини кои потоа ќе можат да ги пренесуваат и на своите деца со попреченост, информирајќи ги за важноста од постоењето различни начини на манипулација и измама на интернет, како и охрабрувајќи ги децата да ги споделат со нив сите сомнителни однесувања на непознати луѓе на интернетот.
- Родителите секогаш треба да градат позитивна и отворена комуникација со своите деца со попреченост, со тоа овозможувајќи место каде што децата со попреченост ќе можат да ги споделат своите грижи, стравови и сомнежи од комуникацијата со непознати лица на интернет.

5. Препораки што ги дадоа интервјуираните лица со попреченост и родителите/старателите на лицата со попреченост

- „Мислам дека сите лица со попреченост треба добро да се едуцираат како да си ги заштитат личните информации, да се подигне дигиталната хигиена, особено меѓу лицата со попреченост, за значењето и важноста на двофакторската верификација, користењето комплексни лозинки, како и слабостите во однос на заштитата на приватноста на социјалните мрежи.“ (лице со попреченост).
- „Јас имав можност да бидам дел од една работилница за создавање на прирачник за сексуално образование за лицата со аутистичен спектар и сметам дека беше тргнато во добар правец бидејќи на самата работилница имаше многу родители и сите многу придонесоа со своите искуства и размислувања. Сметам дека треба да се работи во овој правец многу поотворено и поактивно.” (родител на лице со попреченост).

# Користена и консултирана литература


Rashikj-Canevska, O., Nikolovska, A., Ramo-Akgun, N. et al. Thoughts, Attitudes and Experiences of Parents of Children with Disabilities in the Republic of North Macedonia About Comprehensive Sexuality Education. Sex Disabil (2023). Journal: Sexuality and Disability. URI: http://hdl.handle.net/20.500.12188/2552. DOI: 10.1007/s11195-022-09773-9

Cathy J. Cohen; Punks, Bulldaggers, and Welfare Queens: The Radical Potential of Queer Politics?. GLQ 1 May 1997; 3 (4): 437–465. doi: https://doi.org/10.1215/10642684-3-4-437

Council of Europe. (2011). Istanbul Convention: Action against violence against women and domestic violence. Retrieved from The Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Istanbul Convention) - Gender Matters (coe.int)

Crenshaw, K. (1989). Demarginalizing the Intersection of Race and Sex: A Black Feminist Critique of Antidiscrimination Doctrine, Feminist Theory and Antiracist Politics. University of Chicago Legal Forum, 1989(1). https://chicagounbound.uchicago.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1052&context=uclf

Faggella, D. (2023, April 18). Artificial Intimacy: How AI-Generated Pornography is Changing Society. Emerj. https://emerj.com/ai-power/artificial-intimacy-how-ai-generated-pornography-is-changing-society/

Maliszewska-Nienartowicz, J. (2020). Accessibility for persons with disabilities as an important element of economic and social development: the European Union case. European Research Studies Journal, 23(Special issue 1), 1084-1099. https://www.um.edu.mt/library/oar/handle/123456789/78081

Tina Goethals, Elisabeth De Schauwer, & Geert Van Hove. (2015). Weaving Intersectionality into Disability Studies Research: Inclusion, Reflexivity and Anti-Essentialism. DiGeSt. Journal of Diversity and Gender Studies, 2(1-2), 75–94. https://doi.org/10.11116/jdivegendstud.2.1-2.0075

Renu Addlakha, Janet Price & Shirin Heidari (2017) Disability and sexuality: claiming sexual and reproductive rights, Reproductive Health Matters, 25:50, 4-9, DOI: 10.1080/09688080.2017.1336375

United Nations. (2006). Convention on the Rights of Persons with Disabilities. https://www.un.org/disabilities/documents/convention/convention_accessible_pdf.pdf

United Nations Populations Fund. (2023). Brochure: What is technology-facilitated gender-based violence? UNFPA. https://www.unfpa.org/resources/brochure-what-technology-facilitated-gender-based-violence

Woodlock, D., & Harris, B. (2023). Digital abuse of women with disabilities. In B. Harris, & D. Woodlock (Eds.), Technology and Domestic and Family Violence: Victimisation, Perpetration and Responses (1st ed., pp. 103-116). (Routledge Studies in Crime and Justice). Routledge. https://doi.org/10.4324/9780429316098-11

World Health Organization & World Bank. (2011). World report on disability. https://www.who.int/publications/i/item/9789241564182

World Health Organization. (2001). International Classification of Functioning, Disability, and Health. WHO. https://unstats.un.org/unsd/disability/pdfs/ac.81-b4.pdf

# Анекс 1: Прашања користени во интервјуата

1. Кои социјални мрежи ги користите и колку често ги користите?
2. Дали социјалните мрежи ги користите заеднички со вашиот старател/родител? Дали со поддршка или самостојно ги користите вашите социјални мрежи?
3. Колку сте запознаени со термините: „дигитално родово-базирано насилство“ и „дигитална заштита“. Дали имате информации за безбедноста на социјалните мрежи?

*Онлајн насилство – дефиницијата за онлајн насилство врз жените се однесува на секој чин на насилство врз жените што е извршен, олеснет или чиишто последици се влошени со делумна или со целосна употреба на информатичката и комуникациската технологија (како што се мобилните и паметните телефони, интернетот, платформите за социјално вмрежување или е-поштата), којшто е насочен против жените само затоа што се жени или којшто несразмерно ги погодува жените.*

*Дигитално РБН – родово-базирано насилство извршено со зло(употреба) на електронската комуникација и на интернет. Иако кибернасилството може да е насочено и против жените и против мажите, жените и девојчињата доживуваат поинакви и потрауматични форми на сајбермалтретирање).*

4. Дали сте имале искуство на социјалните мрежи во кое сте се почувствувале небезбедно и/или навредено?
   a. Доколку да, дали би сакале да ни кажете што се случило? Дали е во ред да споделите со нас како сте реагирале? Како реагирала околината кога сте го споделиле вашето искуство? Дали имало поддршка или не?
   b. Доколку не, дали познавате некого кој имал вакво искуство?
5. Дали сте разговарале со некого на оваа тема? Дали можете да разговарате со некој во вашата околина или заедница?
6. Според вашето мислење, кои се генералните, а кои уникатните препреки со кои се соочуваат лицата со попреченост, кога станува збор за дигитално родово-базирано насилство?
7. Дали знаете да се заштитите од дигитално насилство? Што фукнционира, а што може да се подобри?
8. Како сметате дека технологијата може да се користи за подигнување на свеста во врска со дигиталното родово-базирано насилство?
9. Дали сте наишле на позитивни практики и иницијативи кои успешно го адресираат влијанието на дигиталното родово-базирано насилство врз лицата со попреченост?
10. Како може да се подобрат начините за помош и поддршка кога станува збор за лицата со попреченост?
11. Дали препознавате специфични механизми кои ја подобруваат запознаетоста на дигиталното родово-базирано насилство?
12. Колективниот елемент – што претставува кога се навредува?
13. Можност за да се пријави, пристапно непристапно?
14. Можност да се разговара со некого? Да се посети психолог/друго стручно лице за да се минимизира ефектот од насилството?
15. Отворено прашање: што може да дополните?



Скопје, Јуни,2024